**Друштвата за осигурување** се клучните двигатели на дејноста и развојот на осигурувањето.

Доброто управување со друштвата за осигурување овозможува одржување на нивната солвентност, што пак е основен предуслов за заштита на правата на осигурениците.

Управувањето со **осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување** е исто така значајно за зголемувањето на јавната доверба во осигурителните услуги. Овие субјекти, иако управуваат со значајно помали средства споредено со друштвата за осигурување, се значајни за правилно разбирање и развој на осигурителни производи од интерес за осигурениците и потенцијалните осигуреници, како и нивна промоција и достапност.

Од вкупно 17 акционерски друштва за осигурување лиценцирани од страна на Агенцијата да вршат работи на осигурување, 10 друштва (58,82%) имаат еднostепен систем на управување, односно Одбор на директори, додека пак 7 (41,18%) имаат двостепен систем на управување односно Управен и Надзорен одбор.

Вкупниот број на членови на орган на управување (извршни членови на Одбор на директори односно членови на УО) изнесува 38. Од нив, 26 или 68,42% се мажи а 12 или 31,58% се жени.

**Во 6 од вкупно 17 друштва за осигурување, на чело на органот на управување е жена.**

Вкупниот број на членови на надзорен орган на друштвата за осигурување (неизвршни членови на Одбор на директори односно членови на НО) изнесува 68. Од нив 59 или 86,76% се мажи а 9 или 13,24% се жени.

Или заедно, **во органите на управување и надзор на сите друштва за осигурување во Македонија се назначени вкупно 106 лица, од кои 85 се мажи а 21 се жени**.

**Учеството на лицата од женски пол во управувањето со друштвата за осигурување во Македонија е под 20%.**

Графикон бр. 1 – Структура според полова припадност на органите на управување и надзор во друштвата за осигурување




Извор: Агенција за супервизија на осигурување

**Осигурително брокерските друштва** се лиценцирани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување како акционерски друштва кои вршат осигурително брокерски работи. Во 41 од вкупно 44 е воспоставен едностепен систем на управување, односно Одбор на директори а само 3 имаат двостепен систем со Управен и Надзорен одбор.

**Во органите на управување и надзор на осигурително брокерските друштва во Македонија се назначени вкупно 167 лица, од кои 109 се мажи а 58 се жени.**

Графикон бр. 2 – Структура според полова припадност на органите на управување и надзор во осигурително брокерските друштва




Извор: Агенција за супервизија на осигурување

Во одборите на директори на 12 **акционерски друштва** со дозвола да вршат работи на **застапување во осигурување** се назначени вкупно 37 лица, од кои 25 се мажи а 12 се жени.

Графикон бр. 3 – Структура според полова припадност на органите на управување и надзор во друштвата за застапување во осигурување




Извор: Агенција за супервизија на осигурување

Во согласност со одредбите од **Законот за супервизија на осигурување**, само акционерско друштво кое добило дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување може да врши работи на осигурување, осигурително брокерски работи или работи на застапување во осигурување.

Начинот на воспоставување и функционирање на системот на управување и надзор во акционерските друштва е регулиран со **Законот за трговските друштва**. Секое акционерско друштво има **Статут**, што претставува еден од основните акти на деловната политика. Во Статутот поблиску се доуредуваат одредени прашања поврзани со функционирањето на органите на управување и надзор во друштвото.

На веб страната на Агенцијата за супервизија на осигурување, www.aso.mk, во Регистар на субјекти, редовно се објавуваат податоци со линкови до веб страни на регистрираните субјекти на осигурителниот пазар во Македонија. Повеќе информации за структурата и промените во корпоративното управување во регистрираните субјекти може да се најдат на нивните веб страни.

18.8.2025